**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

31. 10 2024 година

**Архивски број:** 1005 - 809/4

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитувана,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер проследено до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен и заведено со наш број 1005-809/1, Во прилог на ова Известување Ви го доставуваме Решението на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, заедно со пополнета Табела со податоци на Државната комисија.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ДАНИЦА ЧАДИЕВА**

*Прилог: Решение и Табела*

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

| Потребни податоци/години | 2014 |
|---|---|
| број на жени **минстерки во Владата на РСМ назначени од Собрание на РСМ** | |
| во кое министерство била министерка | |
| возраст | |
| образование ВСС, Магистар, Доктор на науки | |
| вид на образование - факултет/универзитет | |
| временски период во кој била министерка (од -до) | |
| партиска припадност | |
| | |
| број на жени **заменик минстерки Владата на РСМ назначени од Собрание на РСМ** | |
| во кое министерство била министерка | |
| возраст | |
| образование ВСС, Магистар, Доктор на науки | |
| вид на образование - факултет/универзитет | |
| временски период во кој била заменик министерка (од -до) | |
| партиска припадност | |
| | |
| број на жени **државни секретарки Владата на РСМ назначена од Владата на РСМ** | |
| во кое министерство била државна секретарка | |
| возраст | |
| образование ВСС, Магистар, Доктор на науки | |
| вид на образование - факултет/универзитет | |
| временски период во кој била државна секретарка (од -до) | |
| партиска припадност | |
| | |
| број на жени **директорки на Јавни претпријатија** назначени од Влада на РСМ/Собрание на РСМ/Совет на општина | |
| во кое јавно претпријатие била назначена за директорка | |
| возраст | |
| образование ВСС, Магистар, Доктор на науки | |
| вид на образование - факултет/универзитет | |
| временски период во кој била директорка (колку години била на таа функција) (од -до) | |
| партиска припадност | |
| | |
| број на жени **директорки/претседателки на Комисии назаначени од Владата на РСМ/Собрание на РСМ** | 1 |
| во која **агениција/дирекција/ директорат/ биро / комисија/инспекторат/фонд** | |
| возраст | 39 |
| образование ВСС, Магистар, Доктор на науки | ВСС |
| вид на образование - факултет/универзитет Универ. „Св. Кирил и Методиј" | |
| временски период во кој била директорка (колку години била на таа функција) (од -до) 2011-2018 | |
| партиска припадност | |

| 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| | | | | | | | | | |
| 40 | 41 | 42 | 43<br>42 | 43 | 44 | 45 | 46 | 47 | 48 |
| ВСС | ВСС | ВСС | ВСС | ВСС | ВСС | ВСС | ВСС | ВСС | ВСС |
| | | | Унив. „Св. Кирил и Методиј" | | | | | | |
| | | | 2018 - во тек | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

( Образец ПП……)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

**До: Влада на РСМ, Генерален Секратеријат при Влада на РСМ**

46-8982/1

**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted] консултант за Анализа на учеството на жените на високи раководни функции во јавен сектор во изминативе 10 години и подготовка на документ за јавни политики за зајакнување на учеството на жените во донесување на одлуки, во рамки на Проектот "Заедно за родова еднаквост" - Градење поддршка за родово инклузивни политики, поддржан од страна на Британската амбасада во Скопје

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] (вибер), [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Број на жени министерки, заменик министерки, државни ссекретарки, Директорки на Агенции, Инспекторати, Директорати, пртеседателки на Комисии како и директорки на ЈП во периодот од 2014 година до 2024 година. **Молам податоците да бидат пополнети во табелата која е во прилог на ова барање.** Податоците се потребни за да се направи првата анализа и документ за јавна политика за учество на жените на извршни позиции во периодот од 10 години.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис - [redacted]**
- д) друго ___________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил - електронски запис - [redacted]**
- д) друго ___________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е

потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во Скопје, 23.09.2024 година.

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO Box.561
Гоце Делчев бр.18 Скопје П.Фах 561/Goce Delcev no.18 Skopje,PO Box.561 тел/phone: +389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

31. 10. 2024 година

**Архивски број:** 1005-809/2

**З А П И С Н И К**

До Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен на ден 14.10.2024 година година проследено е од страна на Генерален секретаријат на Владата на РСМ Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од [redacted] консултант за Анализа на учеството на жените на високи раководни функции во јавен сектор во изминатите 10 години и подготовка на документ за јавни политики за зајакнување на учеството на жените во донесување на одлуки во рамките на Проектот„ Заедно за родова еднаквост" и заведено под број 1005-809/1 од лицето Сања.

Во барањето е наведено дека Барателоката од Имателот ја бара следната информација од јавен карактер:

„ Број на жени министерки, заменик министерки, државни секретарки, Директорки на Агенции, Инспекторати, Директорати, претседателки на ЈП во периодот од 20214 до 2024 г."

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија како имател на информацијата, поднесенот барање го уважи и бараната информација ќе биде доставена на начин како што е наведено во самото барање.

Само во однос на податокот за партиска припадност на претседателките, Државната комисија нема податоци и поради таа причина не може да даде одговор. Воедно, партиската припадност претставува личен податок и лична определна на секој поединец.

Службено лице- Наталија С. Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка,постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор втор степен**

31.10 2024

**Архивски број:** 1005-809/3

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен на ден 29.10.2024 г. го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено од [redacted], препратено до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен и заведено под број 1005-809/1 **СЕ УВАЖУВА.**
2. Бараната информација ќе биде доставена во форма како што е наведено во барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Образложение**

На ден 14.10.2024 г. до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен со писмен допис од страна на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ препратено е дел од барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] консултант за Анализа на учеството на жените на високи раководни функции во јавен сектор во изминатите 10 години. Во барањето е наведено дека [redacted], како барател на информација бара преку е маил- електронски запис да и биде доставена следната информација:

„ Број на жени министерки, заменик министерки, државни секретарки, Директорки на Агенции, Инспекторати, Директорати, претседателки на ЈП во периодот од 20214 до 2024 г.

Постапувајќи по поднесено барање, Државната комисија ја дава следнава информација:

Во периодот од 2014 г. до денес Државната комисија е раководена од жени претседателки. Во периодот од ноември 2011 г. до јули 2018 г. Државната комисија,


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

претседател е [redacted]. Од октомври 2018 г. до октомври 2023 г. , како и од ноември 2023 г. до денес е раководена од [redacted]

Во однос на податокот за партиска припадност на претседателките, Државната комисија нема податоци и поради таа причина не може да даде одговор. Воедно, партиската припадност претставува личен податок и лична определна на секој поединец.

Во прилог на ова Решение Ви ја доставуваме пополнета Табелата, која ја доставивте во прилог на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, а која е пополнета со податоци кои се однесуваат на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Имајќи го предвид сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на решението.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

Изготвил: Наталија С.Филипова